# 1 2. ШТОМ СЕ ЛЕ ЗОРА ЗАЗОРИ

Крај: Тиквеш, Глишиќ
Пеел: Крсте Ефремов
Роден: Глишиќ, 1938 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 214/2
Снимена: Глишиќ, Тиквеш
23 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 18.05.1964.




1. Штом се ле зора зазори,
   три пати петли пеjеjа;

2. три пати петли пеjеjа,
   девет машини врвеjа;

3. девет машини врвеjа,
   десета брзо замина;

4. русо ја момче тераше,
   ем на гитара свиреше;

5. ем на гитара свиреше,
   жаловна песна пееше:

6. — Дека се чуло видело,
   владика Турчин да стане;

7. владика Турчин да стане,
   за едно младо ан’мче!

**Забелешка: Секој непарен стих се пее по трипати.**

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.